Јавно комунално претпријатие "ВОДОВОД" п.о.
Бр. 02-210/2
06.03 2024 год
БИТОЛА

*До*

***Управниот одбор на ЈКП Водовод Битола***

**Предмет: Мислење од Надзорниот одбор на ЈКП Водовод Битола, во врска со прегледаниот Годишен извештај за стопанското работење на ЈКП Водовод Битола за 2023 година**

Врз основа на член 27 ст. 3 од ЗЈП, чл. 18-а ст. 3 од Статутот на ЈКП Водовод Битола а во врска со член 7, 8 и 9 од Деловникот за работа на Надзорниот одбор во ЈКП Водовод Битола, Надзорниот одбор на својата седница одржана на ден 06.03.2024 година го разгледа подетално Извештајот за стопанското работење на ЈКП Водовод Битола за 2023 година.

Согласно Извештајот за стопанско работење на ЈКП ВОДОВОД Битола за 2023 година, ЈКП ВОДОВОД Битола за 2023 година ја заврши со негативен финансиски резултат од 22.080.539,00 денари. Оперативното работење не овозможи покривање на севкупните расходи, а со тоа не овозможи реализација на зацртаната програма и планот за работа за 2023 година.

Надзорниот одбор му предлага на Управниот одбор да го усвои Извештајот за стопанското работење на ЈКП ВОДОВОД Битола онака како што е презентиран, претпоставувајќи дека сите позиции во Извештајот за стопанско работење се точно внесени и реално ја искажуваат состојбата.

Примерок од ова Мислење, согласно Законот за јавни претпријатија, Статутот на ЈКП Водовод Битола и Деловникот за работа на Надзорниот одбор, заедно со Извештајот за стопанското работење на ЈКП Водовод Битола, ќе се достави до Советот на Општина Битола.

**Надзорен Одбор**

Димитар Аневски – Претседател

Александар Споа – член

Александар Јовановски – член

Деанчо Јовановски – член

Јулија Дамчевска – член

Јавно комунално претпријатие "ВОДОВОД" Битола